Сиг. 0801-41

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМИРАНО ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

Инв. Бр. 8/3

# НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО

# ЕТИКА

ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ

ЗА III ГОДИНА

Скопје, 2003 година

**Наставната програма ја донесе Министерот за образование и наука со решение бр. 11-4029/1 од 03.07.2003 година**

# 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет**: етика
**1.2. Вид на средно образование**: гимназиско
**1.3. Година на изучување на наставниот предмет**: трета година
**1.4. Број на часови**:
- број на часови неделно : 2 часа
- број на часови годишно: 72 часа

1.5. Статус на наставниот предмет: изборен

# 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

## 2.1. Општи цели:

**Целта** на наставата по **етика** е да ги запознае учениците со значењето на моралот во човековиот живот и со улогата на етиката во одржувањето и напредувањето на човештвото, како и да им ги доближи големите човечки вредности.
Преку наставата по Етика и усвојувањето на знаењата од овој предмет, учениците треба да се запознаат со суштината на етиката, со вредностите и целите на современиот живот, да се упатат во значењето на моралот за квалитетот на живеењето.
Со постигањата на општите цели на наставната програма во трета година учениците ќе можат:
- да ја запознаат суштината на етиката и на аксиолошкото мислење и дејствување;
- да се запознаат со најважните етички решенија во историјата на човештвото;
- да се упатат во структурата на етичкото мислење и дејствување;
- да се оспособат за прифаќање и избор на позитивните етички вредности;
- да се поттикнат на размислување за темелните прашања на моралот, постапувањето и етичкото оценување;
- да се воведат во самостојно критичко и позитивно однесување спрема етичките дилеми и алтернативи;

- да се оспособат да прават етичка сметка;
- да ги идентификуваат основните етички вредности и норми во најважните области на денешната практична етика - биоетиката и
  еколошката етика, социјалната етика, работната и економската етика, политичката етика и др.;
- да се оспособат за извршување на должностите и на граѓанскиот тип однесување во современото општество.
- да ги идентификуваат позитивните идејни решенија во врска со етичките вредности, воопшто на животот и во посебните животни и дејствени области;
- да стекнат верба во должноста и неопходноста од нејзиното извршување;
- да се запознаат со одговорностите и нормите во разните области на животот;
- да го усвојуваат позитивниот морал на човештвото и на нашето општество денес.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

Етичката тематика е составен дел на вкупното образование и воспитување на младата личност, така што учениците преку разни наставни предмети и содржини во текот на досегашното образование се запознаени со значењето на моралот во животот, со разни морални норми и со моралната практика во разни области. Тоа е добра претпоставка за можноста за следење на овој наставен предмет.

# 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

## 4.1. Структура на содржините за учење

<table>
<tr><th>ТЕМАТСКИ ЦЕЛИНИ</th><th>Конкретни цели:</th><th>Дидактички насоки:</th><th>Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите</th></tr>
<tr><td>I. ВОВЕД ВО ЕТИКАТА<br><br>( 5 часа)<br><br>- Што се етиката и моралот<br><br>- Етиката како наука за моралот и за животните вредности<br><br>- Современиот подем и состојби на етиката</td><td>Ученикот:<br><br>- да се воведе во етичкиот начин на мислење;<br><br>- да ја разбере улогата на етиката, која го учи човекот како да оди по правите патишта на животот;<br><br>- да сфати дека етиката е составен дел од културата на живеењето;<br><br>Да го разбере современиот развој и подем на етиката.</td><td>Се дава мал вовед во суштината и целите, како и улогата на етиката и моралот во животот на човекот.<br><br>Се изготвува список (листа) на основните етички прашања како наука за моралот и за животните вредности.<br><br>Укажува на развојот на современата етика како една од основните дисциплини во денешната цивилизација.<br><br>Се пишува есеј<br><br>Што ми се допаѓа, а што не ми се допаѓа во нашиот морал?</td><td>Воочување на етичките прашања кои се изучуваат низ другите предмети во средното училиште (историски, биолошки, космолошки, природонаучни, хуманистички, културни).</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| II. ВРЕДНОСТА НА ЖИВОТОТ (7 часа)<br><br>**- Животот и неговата универзалност и вредност**<br><br>**- Различни учења за целите и вредноста на живеењето**<br><br>**- Највисоката вредност во животот**<br><br>**- Позитивитет на животната етика** | **Ученикот:**<br><br>- да ја објасни суштината на животните вредности;<br><br>- да умее да ги опише вредностите што ги предлагале мислителите во разни цивилизации;<br><br>- да го разбере системот на аксиолошкото одлучување и на градењето на аксиолошката скала;<br><br>- да ја сфати логиката на предлагањето и прифаќањето на позитивниот однос кон животот. | - Се поттикнува дискусија за животните и етичките вредности;<br><br>- се читаат избрани филозофски и етички текстови од кои можат да се воочат различните размислувања за вредностите во животот на луѓето во различни цивилизации;<br><br>- се организира Етичка работилница:<br><br>Која вредност најмногу ми одговара и ми се допаѓа? | - Историја;<br><br>- Литература;<br><br>- Психологија;<br><br>- Социологија и др. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| III. ГРАДБЕНИ ЕЛЕМЕНТИ НА ЕТИКАТА (16 часа)<br><br>**- Доброто и злото како основни етички категории**<br><br>**- Индивидуализам и колективизам**<br><br>**- Етичка автономија и хетерономија**<br><br>**- Волја, намера и дело**<br><br>**- Избор на вредностите**<br><br>**- Морална норма**<br><br>**- Совест**<br><br>**- Етичко сметање**<br><br>**- Етичко образование** | **Ученикот:**<br><br>- да осознае дека основните етички поими (доброто и злото) се базични при моралното одлучување, постапување и оценување;<br><br>- да ја објасни структурата на етичкото мислење;<br><br>- да прави разлика меѓу елементите на етиката во различни учења;<br><br>-да сфати дека доброто е она што се избира, препорачува, брани, застапува - а злото она што се избегнува, негативно оценува и критикува;<br><br>- да ги разбере градбените елементи на етиката и нивните соодноси;<br><br>- да ја разбере логиката на правењето етичка сметка и да научи да ја прави. | - Се наведуваат примери за значајните етички вредности и морални норми;<br><br>- се анализираат примери од секојдневниот живот кога е направено добро, а кога зло;<br><br>- се споредуваат избрани текстови од различни етички учења и воочуваат разлики во структурата на етичкото мислење;<br><br>- се организира етичка работилница: Учениците изработуваат листи на етички вредности и морални норми во средината во која живеат;<br><br>- да ја претстави идејата и целите на етичкото образование. | Корелација:<br>- Историја;<br>- Литература;<br>- Уметност;<br>- Психологија;<br>- Социологија и др. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| IV. ЕТИКАТА И РЕЛИГИЈАТА (7 часа)<br><br>**- Десетте Божји заповеди**<br><br>**- Христијанска етика**<br><br>**- Етиката на Исламот**<br><br>**- Други етички религии** | **Ученикот:**<br><br>- да се запознае со најзначајните етички норми на големите светски религии, кои со столетија влијаат врз етиката;<br><br>- да ја сфати основната идеја и порака на најпознатиот етички нормативен систем - Десетте Божји заповеди;<br><br>- да научи да ги споредува основните етички норми на различните религии како форма на моралот на различни цивилизации. | - Се запознаваат учениците со најзначајните етички учења на големите светски религии;<br><br>- се анализираат делови од содржината на библијата во кои е претставен најпознатиот етички нормативен систем - Десетте Божји заповеди.<br><br>- се организира дискусија за некои аспекти на етичките норми во религиите;<br><br>- се анализираат некои од религиозните книги на големите светски религии и се споредуваат етичките учења во нив. | Корелација:<br><br>- Библијата;<br><br>- Куранот;<br><br>- Историја;<br><br>- Литература;<br><br>- Географија;<br><br>- Социологија и др. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| V. СОВРЕМЕНИ ЕТИЧКИ УЧЕЊА (5 часа)<br><br>**- Утилитаризам**<br><br>**- Консеквенционализам**<br><br>**- Етика на грижата** | **Ученикот:**<br><br>- да се запознае со основните етички концепции на современата епоха;<br><br>- да ја разбере суштината и широчината на современиот утилитаризам како најраширана етичка концепција на денешницата;<br><br>- да ја објасни потребата од дополнување на етичките погледи со аспектите на последиците на човечкото однесување.<br><br>- да се упати во основите на етиката на грижата („женска етика“) као нова доминантна насока во етиката;<br><br>- да ја разбере целта и основите на етиката на грижата. | - Се организира дискусија за етичка активност на разни добротвори во корист на болните и сиромашните;<br><br>- се организира етичка работилница на тема:<br><br>Современа етичка активност на Алберт Швајцер и Мајка Тереза во корист на болните и сиромашните. | Корелација со:<br><br>- Историја;<br><br>- Литература;<br><br>- Уметности;<br><br>- Биологија;<br><br>- Социологија;<br><br>- Психологија и др. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| VI. ЕТИЧКИ ПРИОРИТЕТИ (8 часа)<br><br>**- Радост и тага, оптимизам и песимизам**<br><br>**- Љубов и пријателство, избор во љубовта**<br><br>**- Среќа, судбина**<br><br>**- Егоизам и алтруизам**<br><br>**- Вистина, достоинство, чест, храброст**<br><br>**- Разумност, воздржаност, коректност, фанатизам**<br><br>**- Должност, одговорност**<br><br>**- Негативни појави - завист, непријателство, злоба, агресија, тероризам** | **Ученикот:**<br><br>- да се запознае со основните и најраширени форми на етички цели, појави, содржини и постапки;<br><br>- да научи да прави споредба помеѓу позитивните и негативните етички појави и да знае да се определи и да избере;<br><br>- да сфати дека емоциите треба да се контролираат и дека во етиката треба да се следи разумот;<br><br>- да научи кои се основните негативни појави во животот и да ги избегнува. | - Се анализираат избрани текстови од мислители кои зборуваат за овие етички појави;<br><br>- се даваат насоки на учениците на кој начин да ги избираат етичките појави со позитивна тенденција и како да ги избегнуваат оние со негативна тенденција;<br><br>- се презентира видео филм во кој станува збор за некоја етичка појава;<br><br>- се организира индивидуална форма на работа;<br><br>- секој ученик прави листа на сопствените должности и одговорности, а потоа преку работа во групи се изработуваат листи на општо прифатени должности и одговорности за сите во училиштето и надвор од него; | Корелација:<br><br>- Психологија;<br><br>- Литература;<br><br>- Економија;<br><br>- Историја;<br><br>- Уметност;<br><br>- Биологија;<br><br>- Социологија и др. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| VII. БИОЕТИКА (8 часа)<br><br>**- Биоетиката како нова водечка етичка дисциплина**<br><br>**- Етиката на здравјето**<br><br>**- Еколошка етика**<br><br>**Зависностите и дрогата** | **Ученикот:**<br><br>- да се запознае со основните и најраширени форми на биоетичките појави и содржини;<br><br>- да ја сфати разликата помеѓу позитивните и негативните аспекти на животот;<br><br>- да разбере која е суштината на зависностите и колку е голема опасноста од употребата на дрога;<br><br>- да научи кои се патиштата на чувањето на здравјето и природата;<br><br>- да се вклучува во разни биоетички, еколошки, здравствени и антинаркотички акции. | - Се анализираат текстови од најпознати дела во кои се претставени идеите за биоетиката;<br><br>- се организираат дискусии за формите на чување на здравјето и лечење на болестите;<br><br>- се организираат посети на учениците во некои организации кои се занимаваат со еколошката и здравствената етика;<br><br>- се даваат основни информации за постоењето на здравствена етика;<br><br>- се организира работилница на тема:<br><br>„Здравјето најважна етичка вредност". | Корелација:<br><br>- Биологија,;<br><br>- Психологија;<br><br>- Литература;<br><br>- Економија;<br><br>Историја, уметност, Социологија и др. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| VIII. СОЦИЈАЛНА ЕТИКА (9 часа)<br><br>**- Јас, другиот и ближниот, заедничко живеење**<br><br>**- Етика во семејството**<br><br>**- Светот како целост (Универзална етика)**<br><br>**- Избегнување, совладување и решавање на конфликтите**<br><br>**- Етикеција** | **Ученикот:**<br><br>- да се запознае со основните цели и содржини на социјалната етика;<br><br>- да сфати дека живее во заедница со многу други луѓе, што е основа на етичката мисла;<br><br>- да ги сфати оснивните вредности на семејството и нормите на семејниот живот;<br><br>- да научи да ги избегнува и решава конфликтите.<br><br>- да ги разбере и научи основните елементи на етикецијата како форма на социјалната етика. | Се упатуваат учениците во основната етичка реалност на односите на секој човек со своите ближни;<br><br>- се презентира мал вовед во социјалната етика;<br><br>- се посочуваат примери за значењето на етиката во семејното живеење;<br><br>- учениците изработуваат докуметн наречен Универзална етика на човештвото по сопствено видување која би била најприфатлива за сите епохи и народи;<br><br>- работа во групи: учениците решаваат конфликтни ситуации;<br><br>- учениците изработуваат портфолио на тема: „Оосновни идеи и норми на етикецијата";<br><br>- се организира дискусија за смислата на Универзалната етика и за бонтонот. | Корелација:<br><br>- Психологија;<br><br>- Социологија,;<br><br>- Литература;<br><br>- Економија;<br><br>- Историја;<br><br>- Уметност;<br><br>- Биологија и др. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| IX. ЕКОНОМСКА ЕТИКА (3 часа)<br><br>**- Работна етика**<br><br>**- Имот, пари, штедење, деловна чесност** | **Ученикот:**<br><br>- да се запознае со основните идеи на економската етика, кои ќе го следат целиот живот;<br><br>- да ги сфати основните начела и карактеристики на работната етика со основните вредности трудољубиворт и соработка;<br><br>- да ја сфати суштината на основните економски категории имотот и парите и нивната улога во животот;<br><br>- да ја разбере нужноста од штедење во животот;<br><br>- да ја сфати улогата на деловната чесност во економијата и во целокупното човечко живеење. | Се води разговор на тема: „Најважните карактеристики и начела на економската и работната етика”;<br><br>- да се упатат учениците во значењето и етичката суштина на имотот и парите;<br><br>- се организира средба со бизнисмени во градот и се води разговор за тоа кои с е за нив суштината и значењето на парите;<br><br>- се води разговор со учениците за настани од дневниот печат во кој е прекршена деловната чесност. | Корелација:<br><br>- Економија;<br><br>- Социологија;<br><br>- Психологија;<br><br>- Литература;<br><br>- Историја;<br><br>- Уметност и др. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| X. ПОЛИТИЧКА ЕТИКА<br>(4 часа)<br>**- Демократија, човекови права**<br>**- Мир, толеранција** | **Ученикот:**<br>- да се запознае со основните форми и содржини на политичката етика на денешниот свет;<br>- да ги сфати принципите на демократијата како основна политичка форма на денешницата;<br>- да се запознае со листата на човековите права;<br>- да го сфати значењето на мирот како основна вредност на Универзалната етика на човештвото;<br>- да ги разбере основните начела и појави на толеранцијата во современото човештво. | - Преку бура на идеи се води разговор за основните начела на демократијата;<br>- се анализираат делови на учениците од Универзалната декларација за правата на човекот и да им се објасни логиката и потребата од еден таков етичко-политички документ;<br>- се читаат текстови во кои се третираат основните учења за мирот во современото човештво;<br>- се анализираат примери од секојдневниот живот каде е застапена толеранцијата;<br>- се организира дебата за етичките појави во меѓународните односи денес. | Корелација:<br>- Историја;<br>- Социологија;<br>- Психологија;<br>- Литература;<br>- Економија;<br>- Уметност и др. |

## 4.2. Наставни методи и активности на учење

Секој наставник, според своето филозофско образование, според сопствениот хабитус и интелектуални и етички амбиции треба наставните содржини да ги приспособи на интересите, очекувањата и интелектуалните можности на учениците. При тоа ќе бидат земени предвид определени социјални околности, историски и лични искуства и културен контекст.

Со оваа наставна програма во наставата се отвора пат за актуелизација и индивидуализација на етичките појави и вредности. Смислата е постојано да се совладуваат нови тематски содржини, но напоредно со тоа да се продлабочува и прошируваат веќе усвоените знаења од оваа област. Етиката е комплексна целина и сите проучувања на нејзината тематика се поврзани.

Во наставата по етика можат да се користат примери од секојдневниот живот, од медиумите, од личното искуство на учениците, од литературата и нашата и странската историја. Тие примери не треба да водат во историцизам, туку да се користат во нивниот евентуален современ контекст.

Во наставата по етика можат да се обработуваат изворни филозофски дела или фрагменти од етичката литература, од моралистичките списи, од уметничката литература со морално значење. Можат да се прикажат филмови или снимени театарски претстави со етичка содржина и да се организира дискусија за изнесените етички дилеми.

Мошне е корисно да се разговара и дебатира за проблемите што ќе ги изнесуваат самите ученици. Голем број етички прашања и проблеми не се диференцирани во Наставната програма, но тие често се појавуваат во секојдневниот живот. Затоа учениците ќе имаат интерес да се прошират дебатите за најшироките проблеми на етиката. Содржините за кои ќе се дискутира можат и треба да бидат однапред најавени. Во текот на реализацијата на етичката настава треба да се следи интересирањето, вклучувањето и напредување на учениците и нивниот ангажман.

За успешна реализација на целите на наставната програма по етика задолжително треба да се применуваат современи интерактивни техники на учење и активности.

Многу е важно да се знае дека етичката настава не е вредносно неутрална, така да секој наставен час и сите дебати треба да завршат со истакнување на моралната поука, која треба да биде позитивни интонирана и насочена.

### 4.2.1. Активности на наставникот

Во наставата по Етика наставникот теба да применува интерактивни техники на учење кои ќе го стават во улога на координатор, инструктор, водач на часот. Тој треба кај учениците да ја зголемува мотивацијата, да ја развива креативноста и да ја поттикнува желабата за самостојни истражувачки активности кај нив. Наставникот секогаш треба да биде трпелив со учениците и да има одговор на сите поставени прашања. Сето тоа ќе придонесе да се индивидуализираат задачите на учениците и истите да се прилагодат на нивните интереси, очекувања и интелектуални можности.

### 4.2.2. Активности на ученикот

Активностите на ученикот произлегуваат од техниките што ќе ги примени наставникот при обработката на наставните содржини. Тоа значи дека учениците постојано ќе бидат во ситуација да анализираат одредени етички појави, текстови со етичка содржина, да ги бараат причините и последиците за таквите појави, но во секој случај нивното внимание секогаш ќе биде задржано, а тие максимално активни. Работата на учениците може да биде организирана во парови, групи и фронтално.

### 4.3. Организација и реализација на наставата

Наставата по наставниот предмет Етика како изборен предмет ќе се реализира на наставни часови според изготвен неделен распоред на часови. Наставникот е задолжен да подготви годишен план, тематско планирање како и дневна подготовка. Во текот на реализацијата на наставата неопходно е почитување на основните принципи:

- почитување на претходните сознанија, способности и искуства на секој учесник во наставниот процес и взаемна доверба во текот на работата;
- вклучување на сите ученици при изборот и донесување заклучоци;
- планирање и задолжително изведување на предвидените активности и вежби;
- воспоставување на соработка низ комуникација меѓу учениците и професорот.

### 4.4. Наставни средства и помагала

За реализација на наставната програма по Етика неопходни се наставни средства и помагала:

- графоскоп; аудиовизуелни помагала (видеорикордер; касетофон; ЦД; касети со соодветни филмови) фотокопир апарат; хартија; маркери, цртежи, табели и стручна литература.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето во процесот на учење на етиката е посебен педагошки проблем што се поставува пред наставникот. Процесот на оценувањето треба да биде постојан и конзистентен во текот на учебната година, планиран, систематски. Оценката треба да биде мотивација и сатисфакција на ученикот, чувство на задоволство од постигнатото, како и чувство на праведност и достоинство. Значи, оценување треба да биде исто така етички релевантно. За таа цел наставникот треба да изготвува инструменти за проверка на знаењата на учениците. Битно е наставникот по етика да оствари добра комуникација со своите ученици и низ постојано следење на нивните активности и напредување, заедно со нив, да оформи оценка.

Елементите кои се ценат при формирањето на оценката се разновидни и многубројни. Во наставната практика по етика при формирањето на оценката се тргнува од следните елементи: експонирање на ученикот во рамките на дијалогот; монолошки излагања на ученикот; домашни задачи; есеи; експликации и експозеа; писмени вежби; тестови на знаење, земено во целост – оценката се оформува според портфолиото на ученикот.

## 6. СТАНДАРДИ ЗА НАСТАВНИОТ КАДАР

Професор по Филозофија (завршени студии по Филозофија)
Магистер по Филозофија (положени испити на постдипломски студии по Филозофија и одбранета магистерска теза од областа на филозофијата)
Доктор по филозофски науки (одбранета докторска дисертација од областа на филозофијата)

## 6. ДАТА НА ИЗРАБОТКАТА И НОСИТЕЛИТЕ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**6.1. Дата на изработката: м а ј 2003 година**

**6.2. Состав на работната група:**

1. Проф. д-р Кирил Темков, редовен професор по Етика на Институт за филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје;
2. Доц. д-р Јован Лозановски, доцент по Филозофија на Факултетот за учители и воспитувачи во Битола и наставник по Филозофија во Гимназијата „Раде Јовчевски - Корчагин";
3. М-р Драгор Заревски, докторски кандидат по Филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје;
4. Годана Трајкова - Костовска, советник за социологија во Бирото за развој на образованието - Скопје

## 7. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА:

**7.1. Дата на започнување:** 1.09.2003 година

## 8. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ЕТИКА

Наставната програма по предметот *етика* ја одобри (донесе):

_____________________ со решение бр. _____________ од_______година